Уп. бр. 08-121

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од МКГ Пропертис Лимитед (MKG Properties Limited), со седиште на адреса Тхе Овал, Оффице 502, Криноу 3, 4103 Агио Атханасиос, Лимасол, Кипар, доставено преку Адвокат Татјана Поповски Булоски од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 19.10.2022 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која МКГ Пропертис Лимитед (MKG Properties Limited), со седиште на адреса Тхе Овал, Оффице 502, Криноу 3, 4103 Агио Атханасиос, Лимасол, Кипар ќе стекне единствена контрола над БЛОНДСТОНЕ ГРОУП ЛИМИТИД -Кипар со регистрирано седиште на Тридент Центар, Грива Дигени 115, 3101, Лимасол, Кипар, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.09.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на МКГ Пропертис Лимитед (MKG Properties Limited), со седиште на адреса Тхе Овал, Оффице 502, Криноу 3, 4103 Агио Атханасиос, Лимасол, Кипар со која МКГ Пропертис Лимитед ќе стекне единствена контрола над БЛОНДСТОНЕ ГРОУП ЛИМИТИД -Кипар со регистрирано седиште на Тридент Центар, Грива Дигени 115, 3101, Лимасол, Кипар, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди

следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**МКГ Пропертис Лимитед** е друштво во состав на МК Групацијата. Активностите на МК Групацијата се поделени во пет главни оддели:

- МК Агри оддел за земјоделство што се состои од четири под-оддели: МК Фарминг, МК Трејдинг, МК Месо и МК Шеќер. Некои од друштвата активни во овој оддел се Суноко, ПИК Бечеј и Карнекс;
- МК Финансии е оддел актвен во финансискиот сектор. Освен АИК Банка, Наша АИК Банка и Горењска Банка, M&B Инвестментс е активен во брокерство и берзански активности е исто така дел од одделот;
- МК Туризам се состои од учество во хотели и недвижности во Хрватска и Словенија;
- МК Енергија оддел е активен во областа на производство на електрична енергија од обновливи ресурси (ветер и биомаса). Друштвото од овој оддел е МК Финтел Винд во сопственост на МК Грушацјата и
- МК Поддршка се состои од друштва чија цел е помош и подршка на целиот систем на МК Групацијата.

МК Групацијата нема зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија, но е активна преку нејзиниот МК Агри оддел во области на продажба на месо и месни производи и продажба на шеќер. МК Групацијата во изминатиот период остварила приходи во Република Северна Македонија и преку продажба на житни растенија, маслодајно семе и сточна храна.

-**БЛОНДСТОНЕ ГРОУП ЛИМИТИД** заедно со своите поврзани друштва е активно во областа на туризмот, односно хотелирството. Главните активности на БЛОНДСТОНЕ ГРОУП ЛИМИТИД се во Србија каде групацијата е активна преку друштвото Приган д.о.о. Белград врз кое БЛОНДСТОНЕ ГРОУП ЛИМИТИД индиректо врши заедничка контрола со австриската Групација Соравиа.

Групацијата на БЛОНДСТОНЕ ГРОУП ЛИМИТИД нема зависни друштва во Република Северна Македонија и не генерира приход во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за иврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**